ОПШТИНА КАРПОШ
Одделение за поддршка и организација на работата на Советот

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

# ЗАПИСНИК
## од четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 мај 2024 година (понеделник)

Четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 20 Мај 2024 година, со почеток во 09.00 часот, во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот претседателот утврди дека на седницата присуствуваат 21 член на Советот, според што Советот може да работи и полноважно да одлучува.
Со мало задоцнување пристигнаа и останатите два советника.

Присутни членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Роберт Вељановски, Марјан Стефановски, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Благица Цветановска, Христо Саракинов, Давор Грче,  Виолета Куновска, Јахји Мемедов, Владимир Бислимовски, Александра Антевска, Наталија Спировска Марин Докузовски, Дејан Лазаревски, Гордана Ивановски Велковска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Стоименовска, Славко Митевски, Татјана Стојановска и Невена Георгиевска.

Пред да ја отвори седницата претседателот на Советот Бранко Ристов повика да се интонира химната на Р. Македонија.

На четириесет и осмата седница на Советот присуствуваа раководителите на секторите и одделенијата во Општината, со цел истите да ги појаснат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

Предсетаделот отвори расправа по дневниот ред за четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот го стави на гласање Дневниот ред за четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош.

ДНЕВЕН РЕД

1.Советнички прашања

По извршеното гласање беше констатирано дека, со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАН нема, е усвоен Дневниот ред за работата на четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Советот премина на расправа по предлог точката од усвоениот дневен ред.

Советничката Ивана Пековска по земен збор ги постави следните прашања.
-Дли може да се постават лежечки полицајци кај ОУ Владо Тасевски како и насамото училиште да се обнови оградата за да неможе несовесни граѓани да си ги шетаат своите ниленици во училишниот двор.
-Зграда која е изградена пред железничкиот мост ја исекле безправно безбедносната ограда која ја одвојува зградата со булеварот Теодосиј Гологанов дали може Општината Карпош некако да интервенира во тој случај.
-Дали може да се повети поголема хигиена во детскиот парк кој се наоѓа спроти студенскиот дом Гоце Делчев.
-Дали може на повеќе локации да се искастрат гранки кои сметаат на уличното осветлување.
- Дали некој од Општината ќе се погрижи за осветлувањето на уличката која се наоѓа помеѓу улиците Демир Трајко и Ванчо Мицков.На истата биле поставени бандери со акумулатори и фотоволтаици пред 10 години и во моментов истите не функционираат,за овој проблем жителите од таа улица како и други минувачи имаат реагирано и до месната заедница Нерези.
Градоначалникот по земен збор објасни дека од 5 поставени прашања 3 не се во надлежност на Општината Карпош а за останатите ќе биде одговорено по писмен пат.

Советничката Невена Георгиевска по земен збор ги постави следните прашања.

- Во делот на Тафталиџе, поточно делот кој спаѓа под ДУП 306 (каде нема валиден ДУП), поточно на адреса ул. Хелсинки бр 46 Б, КП 1557, КО Карпош, Скопје, -добиен одговор дека нема одобрение за градење туку решение на барање за реконструкција. Дополнително прашав дали за тоа е потребно Извод од ДУП ( Одговорната на секторот одговори на седницата – дека за реконструкција не треба извод од ДУП) И во делот на инспекција – што е утврдено ( претходно добиен одговор дека инспектор ќе излезе на терен)
- Дали е објавена АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2023 ГОДИНА? Барам линк, ако не е зошто?
- Дали Општината издава согласност за поставување и каква е процедурата за поставување столбчиња на тротоари – од одговорот што го добив од градоначалникот – Само Општината поставува столбчиња, заради безбедност, на кривини , пред училишта и сл. На др места можно е и граѓаните да ги поставуваат – што не е легално /дозволено.Доколку некаде се поставени од граѓани која е постапката за нивно отстранување.

Градоначалникот и службите од урбанизам оразложија детално за дел од поставените прашања.

Советничката Татјана Сојановска по земен збор ги постави следните прашања.

- Дали е објавена планската програма за ДУПОВИ за 2023 година и каде може да се најде и види.
- Општо прашање зашто Советот и претседателот на Совет го прифаќа образложението на стручните служби од Општината за непотпишување на програмата за урбанизам и зошто не се достави истата програма на гласање,туку комплетно различна од таа што по гласање беше усвоена.
- Информација по барањата на Училишниот одбор и Родителскиот совет на ОУ Лазо Трповски по нивните барања за поставување на столбчиња на ул. Драгиша Мишовиќ.
- Информација по барањето за престанок на користење на просторот во училиштето за паркирање на општински возила.
- Бара објаснување за селективно косење на ул.Партизанска и дали Општината ќе итервенира да се искоси страната со зеленилото кај зградите?
- Со кое право се толкува Одлука на Совет наместо да се постапува по Закон за јавни информации и насоки од Агенција за информации од јавен карактер?

Се однесува за барање за пристап до информации за список и арх.број на издадени дозволи за градба по спецификација до Сектор Урбанизам

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

- До раководителот на сектор урбанизам да одговори зошто не им е даден на увид проект со коти за градба на жители,непосредни соседи на парцела со одобрение за градба?
За кои парцели се работи,веќе е спомнато минатиот пат и одговорот дека имале увид не е коректен затоа што не добиле увид во котите за градба.
Градоначалникот Ствчо Јакимовски детално даде оговори по поставените прашања.
Советникот Роберт Вељановски по земен збор ги постави следните прашања.
- Забележано е дека на огласната табла на Општината има прикажано дека се издадени повеќе дозволи за градби во КО Бардовци,бидејќи тамо нема ДУП и е надвор е од плански опфат се бара да се прикаже постапката за издавање, зошто и дали се одобрени тие урбанистички проекти.
Од службите од сектор урабнизам беше соодветно одговорено.
Советникот Бранко Ристов по земен збор ги постави следните прашања.
- По добиена информација дека е спроведен надзор на дивоградбите кои се наоѓаат во населено место Козле каде што се наоѓа пољаната а тоа е место каде што нема планска документација ,прашањето е дали навистина е спроведен надзор и до каде е процедурата а ако не е вистина дека истиот е спроведен ги замолува службите да направат увид во ситуацијата тамо бидејќи има нови дивоградби кои се градат.

По исцрпување на точките од денвниот ред, претседателот ја затвори четириесет и осмата седница во 10:30 часот.

Изработил:Томче Панчевски

**Број: 09-8489/3**
**Датум: 02.12.2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**